# ЗАПИСНИК

## од Прва седница на
## Комитет на советите при ЗЕЛС

Струга, 12.12.2017 г.

**ЗАПИСНИК**

од 1-ва седница на Комитет на советите при ЗЕЛС

хотел "Изгрев", Струга, 12 декември, 2017 г.

**Присутни**: Јанчева Љубица, Претседател на совет на Град Скопје, Башким Машкули Претседател на совет на општина Дебар, Никола Чаракчиев, Претседател на совет на општина Радовиш, Изабела Павловска, Претседател на совет на општина Крива Паланка, Никола Станковски Претседател на совет на општина Ресен, Ристо Сакалиев Претседател на совет на општина Кавадарци

Комитетот на советите при ЗЕЛС го усвоији и расправаше по следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на претседател и потпретседатели на Комитетот на советите при ЗЕЛС;
2. Разно;

ПРВА ТОЧКА: 1. Избор на претседател и потпретседатели на Комитетот на советите при ЗЕЛС

Членовите на Комитетот на почетокот беа запознаени со улогата, обврските и активностите на овој орган предвидени со Статутот на ЗЕЛС.

Понатаму согласно дневниот ред членовите избраа претседател и двајца потпретседатели на ова тело. Иако во отсуство, поради објективни причини едногласно, за претседател на Комитетот на советите при ЗЕЛС беше изгласан г-дин Томе Солевски, Претседател на совет на општина Кочани, претставник од источниот регион, додека за потпретседатели беа избрани Претседателот на совет на општина Гостивар, г-дин Насир Муслиу, како претставник од Полошкиот регион и Претседателот на совет на општина Гази баба, г-дин Тони Бојковски, како претставник на Скопскиот регион.

**Одлука:** Членовите на Комитетот на советите за претседател на Комитетот на советите при ЗЕЛС го избраа г-дин Томе Солевски, Претседател на совет на општина Кочани, претставник од источниот регион, додека за потпретседатели се избрани Претседателот на совет на општина Гостивар, г-дин Насир Муслиу, како претставник од Полошкиот регион и Претседателот на совет на општина Гази баба, г-дин Тони Бојковски, како претставник на Скопскиот регион

ТОЧКА РАЗНО:

На присутните членови им беше доделен предлог Деловник за работа по кој работел претходниот состав на Комитетот и истиот ќе биде разгледан и усвоен на следната седница на Комитетот на советите при ЗЕЛС.

**Струга, 12.12. 2017 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**